# З А П И С Н И К
## Од Четириесет и првата седница на Програмскиот совет на МРТ одржана на 24.04.2026 година, во 10:00 часот, сала за состаноци во МРТ

**Присутни членови на Четириесет и првата седница на Програмски совет на МРТ:** ***Давор Пашоски, Ивана Ефремовски, Бурим Рамадани, Билјана Бабиќ, Патриот Лумани, Беким Лачи, Томислав Кежаровски, Миле Гроздaноски, Марјан Велевски, Музбајдин Ќамиљи, Владимир Палашевски, Маја Седрак и Лазо Трпков.***

Четириесет и првата седница на Програмскиот совет започна во 09:15 часот, со утврдување присуство на сите членови, односно обезбеден кворум за работа од страна на Претседателот на Програмскиот совет Давор Пашоски.

Претседателот на програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Четириесет и првата седница, како што следува подолу:

**Дневен ред:**

1. **Спроведување постапка и донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс**

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање:
- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

**Точка 1. Спроведување постапка и донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс**

Претседателот на Советот ја отвори првата и единствена точка од дневниот ред – **Спроведување постапка и донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс.** Претседателот Давор Пашоски информираше дека објавениот Јавен конкурс за избор на Заменик на директор на МРТ, е спроведен согласно условите и постапката утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, а кој беше уредно објавен на 24.03.2026 година, во дневните весници “Нова Македонија” и “Коха”, на Програмските сервиси на МТВ и МРА, како и на интернет страната на МРТ и истиот траеше 15 работни денови. Од увидот во штембилот за прием на пошта во Архивата на МРТ, се утврди дека сите пријави се поднесени во определениот рок од 15 работни денови. На Јавниот конкурс за избор на Заменик на директорот на МРТ се пријавиле единаесет кандидати.

Потоа се продолжи кон отворање на пристигнатите коверти, односно најпрвин се отвораа ковертите со програма, означени со шифра избрана од кандидатите.

Кандидати за избор на Заменик на директорот на МРТ:

1. Кандидат со шифра **“2009”**
2. Кандидат со шифра **“МОТИВ”**
3. Кандидат со шифра **“БОБУ”**
4. Кандидат со шифра **“091310”**
5. Кандидат со шифра **“КОХА 123”**
6. Кандидат со шифра **“ДДЕЛ - 2026”**
7. Кандидат со шифра **“19061212”**
8. Кандидат со шифра **“77777”**
9. Кандидат со шифра **“410667”**
10. Кандидат со шифра **“224652”**
11. Кандидат со шифра **“А 2004”**

Усвоено беше предлог програмите од кандидатите за Заменик на директорот на МРТ да се умножат во по три примероци, со цел да се овозможи подостапно и поефикасно разгледување на програмите, при што по нивното разгледување и по спроведувањето на изборот, службите беа задолжени веднаш да ги уништат копиите.

Претседателот на Програмскиот совет потсети дека согласно член 124 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 61, 62, 63 и 64 од Статутот на МРТ, Програмскиот совет е надлежен да ја спроведе постапката за избор на Директор и Заменик на директорот на МРТ, согласно законските и статутарните одредби, како и тоа дека секој член на Програмскиот совет на МРТ, има право да гласа само за еден од кандидатите за Заменик на директорот на МРТ, а за избран ќе се смета кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ. Притоа нагласи дека целата постапка, критериумите, насоките за постапување и начинот на разгледување на пријавите биле претходно утврдени и едногласно усвоени од членовите на Програмскиот совет на 39-та седница, кој записник е јавно достапен и објавен во интерес на транспарентноста.

Поради бројот од единаесет пристигнати програми од кандидатите за избор на Заменик на директорот на МРТ, Програмскиот совет одлучи да се разгледаат првите шест програми, а за отстанатите пет програми ќе се закаже продолжение на 41-та седница на Програмскиот совет на МРТ, а сето тоа поради поопсежно и детално разгледување на истите.

Програмскиот совет на МРТ го закажа продолжението на 41-та седница на ден 08.05.2026 година во 10:00 часот, со единствена точка на Дневен ред **Спроведување постапка и**

**донесување одлука за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија по објавениот Јавен конкурс.**

Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Давор Пашоски потсети дека, согласно правното мислење разгледано во рамки на 39-та седница на Програмскиот совет, беше нагласено дека постапката за избор на Директор и постапката за избор на Заменик на директорот на ЈРП МРТ претставуваат две одделни и самостојни постапки, при што изборот на едната функција нема причинско-последична врска со постапката за избор на другата функција. Дополнително беше образложено дека, заради ефикасност на постапката и почитување на прописите за канцелариско и архивско работење, двете позиции биле објавени со еден јавен конкурс, но се водат како одвоени постапки и за секоја од нив се донесува посебна одлука.

Имајќи предвид дека по објавениот Јавен конкурс пристигнаа поголем број кандидатури за избор на Заменик на директорот на МРТ, Програмскиот совет на првиот дел од 41-та седница одлучи разгледувањето на доставените шифрирани програми да се реализира во два дела, со цел да се овозможи темелно, детално и одговорно разгледување на секоја поединечна програма.

Во таа насока, на првиот дел од седницата беа разгледани дел од доставените шифрирани програми, додека останатиот дел од програмите ќе бидат разгледани на денешното продолжение на седницата.

Потсети и дека согласно утврдениот и едногласно усвоен начин на постапување, во оваа фаза од постапката членовите на Програмскиот совет разгледуваат исклучиво шифрирани програми, без увид во идентитетот на кандидатите, со цел да се обезбеди објективност, непристрасност и еднаков третман на сите кандидати.

Идентитетот на кандидатот ќе се утврдува дури по спроведеното гласање, односно по утврдување дека одредена програма го добила потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет, согласно член 64 од Статутот на МРТ и начинот на постапување применет при изборот на Директор на МРТ на 40-та седница на Програмскиот совет.

Во таа насока, Претседателот Давор Пашоски ја повика Билјана Бабиќ, како потсетување за членовите на Советот, накратко да ги прочита сижеата од програмите кои беа разгледани на првиот дел од 41-та седница.

Бидејќи немаше дополнителни забелешки по однос на веќе разгледаните програми, тој предложи да се продолжи со разгледување на останатите шифрирани програми доставени по Јавниот конкурс за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија.

По завршувањето на разгледувањето и расправата по сите програми, ќе се пристапи кон гласање согласно однапред утврдениот и едногласно усвоен модел на постапување, применет и при изборот на Директор на МРТ.

При разгледување на програмите, Програмскиот совет утврди дека на програмата со шифра **„224652“**, при отворање на ковертот, е наведено дека се однесува на избор за Заменик на директор на МРТ, додека во самата програма е наведено дека се однесува на избор на Директор на МРТ. Имајќи предвид дека се спроведува постапка за избор на Заменик на директор на МРТ, Програмскиот совет на МРТ едногласно предложи оваа програма и кандидат да бидат отфрлени од понатамошно разгледување, поради тоа што не се запазени условите и барањата утврдени во јавниот конкурс.

Претседателот на Програмскиот совет го стави предлогот на гласање:

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Пред гласањето, дел од членовите на Програмскиот совет укажаа дека, според нивната оценка, ниту една од разгледаните програми не се издвојува во доволна мера во однос на понудениот концепт за развој и унапредување на Македонската радио-телевизија, при што беше посочено дека програмите во значителен дел се слични по структура и содржина и не нудат доволно јасна и препознатлива визија во однос на идните програмски, организациски и развојни приоритети на јавниот радиодифузен сервис.
Во дискусијата беше нагласено дека, имајќи ја предвид улогата и мисијата на МРТ како јавен радиодифузен сервис утврдена со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ, потребно е програмите на кандидатите да понудат поконкретен и посеопфатен пристап во однос на модернизацијата, развојот на програмските сервиси, дигиталната трансформација, унапредувањето на продукциските и организациските капацитети, како и исполнувањето на јавниот интерес и обврските на МРТ како јавен медиумски сервис.
Конкретно, Лазо Трпков истакна дека, според неговото мислење, најголем дел од доставените програми за работа се суштински слични меѓусебно, без јасно издвоена, препознатлива и автентична визија за развојот на МРТ. Тој посочи дека програмите во значителна мера се поклопуваат по содржина и пристап, оставајќи впечаток на генерички подготвени документи, без конкретни и разработени решенија за клучните предизвици со кои се соочува јавниот сервис.
Во таа насока, Трпков нагласи дека во ниту една од програмите не е понуден јасен и применлив концепт за обезбедување финансиска независност на МРТ, ниту пак се разработени конкретни механизми за имплементација на ОТТ платформата, планирање и рационализација на расходите, како и начинот на реализација на предвидените реформски и развојни активности. Според него, програмите во најголем дел содржат општи формулации и декларативни заложби, без доволно конкретен и оперативен пристап и мерливи насоки за спроведување.

Имајќи го предвид наведеното, Лазо Трпков истакна дека се откажува од правото на глас при одлучувањето по оваа точка.

Понатаму, Владимир Палашевски во целост се согласи со изнесените забелешки и ставови на Лазо Трпков, нагласувајќи дека во доставените програми недостасува конкретен и реално разработен план за управување со човечките, техничките и финансиските ресурси на МРТ. Според него, програмите во најголем дел содржат општи и декларативни определби, без прецизно утврдени механизми, приоритети и динамика за нивна реализација.
Тој посочи дека не се разработени конкретни модели за организација и распределба на ресурсите, ниту пак се понудени јасни насоки за справување со клучните програмски, технолошки и финансиски предизвици на јавниот сервис. Во таа насока, Палашевски оцени дека значителен дел од програмите се подготвени формално, со цел да се исполнат условите од јавниот конкурс, без суштински и автентичен пристап кон развојот и реформите на МРТ.
Имајќи го предвид наведеното, и Владимир Палашевски истакна дека се откажува од правото на глас при одлучувањето по оваа точка.

Бурим Рамадани истакна дека целосно го почитува правото на секој член на Програмскиот совет самостојно да одлучи дали ќе гласа или ќе се воздржи од гласање, согласно сопственото убедување и проценка. Сепак, тој нагласи дека не се согласува со изнесените оценки дека ниту еден од кандидатите нема квалитетна и соодветно подготвена програма за работа.
Според Рамадани, меѓу доставените програми постојат концепти и предлози кои содржат сериозни насоки, идеи и визии за понатамошен развој и унапредување на МРТ. Во таа насока, тој посочи дека програмите и кандидатите треба да се разгледуваат поединечно, низ призма на нивните конкретни предлози, пристапи и определби, имајќи ја предвид комплексноста и значењето на функционирањето на јавниот сервис.

Потоа, Маја Седрак истакна дека делумно се согласува со ставовите изнесени од Бурим Рамадани, нагласувајќи дека меѓу доставените програми има кандидати кои очигледно вложиле сериозен труд и пристапиле одговорно кон подготовката на своите програмски определби.
Таа посочи дека одредени сличности и повторувања во програмите произлегуваат пред сè од фактот што сите кандидати се осврнуваат на реалните состојби, потреби и предизвици со кои се соочува МРТ како јавен сервис. Според неа, прашањата поврзани со финансиската состојба, технолошката модернизација, програмскиот развој и организациските реформи се објективни проблеми кои природно се појавуваат во повеќе програми.
Во таа насока, Седрак оцени дека иако можеби кај дел од програмите недостасува подетална разработка на одредени сегменти, сепак постојат квалитетни и добро подготвени програми кои содржат издржани насоки и идеи. Дополнително, таа нагласи дека во конкретната

постапка се избира Заменик на директор на МРТ, што исто така треба да се има предвид при оценувањето на програмите и нивниот опфат.

Музбајдин Ќамиљи истакна дека секој член на Програмскиот совет има право на сопствен став, мислење и проценка во однос на доставените програми и кандидатите. Во таа насока, тој нагласи дека одлуката дали некој член ќе гласа, ќе биде воздржан или ќе се откаже од правото на глас претставува лично и легитимно право на секој член на Советот, кое треба да се почитува.

По детално разгледување на доставените програми, спроведената расправа и исцрпната дискусија по однос на секоја поединечна програма, Програмскиот совет на МРТ констатира дека се исполнети условите за продолжување на постапката и пристапи кон јавно гласање, поединечно за програмите на кандидатите. Гласањето беше спроведено согласно однапред утврдениот и едногласно усвоен начин на постапување, во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Статутот на МРТ и заклучоците донесени од Програмскиот совет. При гласањето, секоја програма беше разгледувана и ставена на изјаснување според шифрата под која била доставена, со цел обезбедување анонимност на идентитетот на кандидатите, објективност при оценувањето и непристрасност при одлучувањето. Секој член на Програмскиот совет имаше право да даде еден глас за една од доставените програми, при што гласањето се спроведе јавно, со поединечно изјаснување на членовите и евидентирање на резултатите во записникот. Членовите Лазо Трпков и Владимир Палашевски претходно се изјаснија дека нема да учествуваат во гласањето по оваа точка, односно дека се воздржуваат од користење на правото на глас во рамки на постапката. По спроведеното гласање, беа утврдени следните резултати:

1. Кандидат со шифра **“2009” – 4 (четири) гласа**
2. Кандидат со шифра **“МОТИВ” – нема гласови**
3. Кандидат со шифра **“БОБУ” – 3 (три) гласа**
4. Кандидат со шифра **“091310” – нема гласови**
5. Кандидат со шифра **“КОХА 123” – нема гласови**
6. Кандидат со шифра **“ДДЕЛ - 2026” – 2 (два) гласа**
7. Кандидат со шифра **“19061212” – 1 (еден) глас**
8. Кандидат со шифра **“77777” – 1 (еден) глас**
9. Кандидат со шифра **“410667” – нема гласови**
10. Кандидат со шифра **“224652” - дисквалификуван**
11. Кандидат со шифра **“А 2004” – нема гласови**

По спроведеното прво гласање, беше констатирано дека ниту една од програмите доставени под шифра не го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на

Програмскиот совет. Согласно член 64 од Статутот, бидејќи ниту еден кандидат не го доби потребното мнозинство, гласањето се повтори меѓу двете програми кои добија најголем број гласови во првиот круг.

Пред да се пристапи кон повторното гласање, збор побара Ивана Ефремовски, која истакна дека, имајќи предвид дека во понатамошната постапка остануваат две програми за кои треба да се спроведе гласање, одлучува да не учествува во гласањето по оваа точка, односно се воздржува од користење на правото на глас во натамошниот тек на постапката.

Во вториот круг на гласање, согласно член 64 од Статутот, на изјаснување беа ставени двете програми кои во првиот круг добија најголем број на гласови, односно програмите на кандидатите со шифра „2009“ и „БОБУ“.

По спроведеното гласање во вториот круг, беше констатирано дека двете програми освоиле еднаков број на гласови, и тоа:

1. Кандидат со шифра **„2009“ – 5 (пет) гласа**
2. Кандидат со шифра **„БОБУ“ – 5 (пет) гласа**

По спроведеното повторено гласање, беше констатирано дека ниту една од двете програми не го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет. Оттука, Програмскиот совет констатира дека во постапката за избор на Заменик на директорот на МРТ по објавениот Јавен конкурс не е избран кандидат, бидејќи ниту една програма не го доби статутарно потребното мнозинство.

Имајќи го предвид исходот од спроведеното гласање, односно фактот дека ниту една од разгледуваните програми не го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет на МРТ, Претседателот на Програмскиот совет констатираше дека не се исполнети условите за избор на Заменик на директорот на Македонска радио-телевизија согласно член 64 од Статутот на ЈРП МРТ.

Во таа насока, Претседателот Давор Пашоски предложи Програмскиот совет да донесе соодветна одлука за поништување на постапката по објавениот Јавен конкурс за избор на Заменик на директорот на МРТ и распишување нов јавен конкурс, а стручните служби веднаш да подготват предлог-текст на одлуката согласно заклучоците и исходот од денешната седница.

Со цел да се овозможи подготовка на текстот на одлуката, се даде пауза, по што Програмскиот совет ќе продолжи со работа и ќе пристапи кон разгледување и гласање по

предложената одлука, која ќе биде соодветно усогласена со исходот од спроведената постапка и денешните заклучоци на Советот.

По дадената пауза, се продолжи со работа по 41-та седница на Програмскиот совет на МРТ. Во меѓувреме, стручните служби подготвија предлог-одлука согласно исходот од спроведената постапка и заклучоците утврдени на денешната седница.

Станува збор за Предлог-одлука за поништување на јавниот конкурс за избор на Заменик на директорот на ЈРП МРТ и распишување нов јавен конкурс, имајќи предвид дека во спроведената постапка ниту една од разгледуваните програми не го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на Програмскиот совет, согласно член 64 од Статутот на ЈРП МРТ.

Претседателот Давор Пашоски ја стави Предлог-одлуката на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**

Со донесувањето на одлуката, Програмскиот совет ја заврши постапката по објавениот Јавен конкурс за избор на Заменик на директорот на ЈРП МРТ.

Воедно, Програмскиот совет констатира дека процесот за избор на Заменик на директорот на МРТ претставува исклучително важно прашање за целосно институционално и функционално заокружување на раководната структура на Македонската радио-телевизија, имајќи ја предвид улогата на МРТ како јавен радиодифузен сервис и потребата од стабилно, ефикасно и целосно воспоставено раководење со институцијата во периодот на претстојните програмски, организациски и развојни процеси.
Од тие причини, Програмскиот совет останува посветен на спроведување на законска, транспарентна и кредибилна постапка, со цел избор на кандидат кој ќе понуди јасна визија, силен развоен концепт и соодветен пристап во однос на идниот развој и модернизација на МРТ.

Со оглед дека дневниот ред е исцрпен, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ ја затвори 41-та седница на Програмскиот совет на МРТ. Претседателот се заблагодари за присуството, со што ја затвори четириесет и првата седница на Програмскиот совет на МРТ во 12:27 часот.

Записникот го водеше:

Емилија Камчева Стојановска

Претседател на Програмски Совет на МРТ

02-2365/2
08.05.2026г.

_________________________
Давор Пашоски